**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН**

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-19/8
17.12.2020 год.
СКОПЈЕ

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# БИЛТЕН

**НА**

**Американскиот универзитет на Европа – ФОН**

**БРОЈ 235**

**Скопје, 17.12.2020**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник, во сите насловни наставно-научни звања по стручно уметнички предмети, од областа: Друго (Моден дизајн) - 60712........................................................................................................3821
2. Рецензија за ракописот „Казнено право„ од авторот проф. д-р Митасин Беќири........................................................................................................ 3829

# Р Е Ф Е Р А Т

**За избор на наставник во сите насловни наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети од областа: Друго (Моден дизајн) - 60712**
**Факултетот за дизајн и мултимедија при АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН во Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН Република Северна Македонија, Скопје, на **5-та** седница на ННУС одржана на **30.11.2020** година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија" од **16.11.2020** година, формира Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети од областа: **Друго (Моден дизајн) (60712 - Фраскатиева класификација)** во состав: вон. проф. м-р Александар Рашковиќ, претседател, доц. м-р Александра Јовановска, член и вон. проф. м-р Елена Вангелоска, член.

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни наставно-научни звања по стручно - уметнички предмети од областа **Друго (Моден дизајн) - 60712** (Фраскатиева класификација) се пријави кандидатот: м-р Андреј Ѓоргиевски. Кандидатот достави: Пријава за конкурсот; лична биографија CV (во печатена форма и електронска фома на усб-стик), диплома за завршен прв циклус студии и уверение за положени испити, уверение за положени испити и стекнат научен степен на науки/уметности, список на реализирани трудови со прилог визуелно портфолио и потврда за познавање на англиски јазик.

Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН, го поднесува следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Андреј Ѓоргиевски е роден во Битола на 6 март 1991 година. Основно училиште и средно образование  завршува во истиот град.

Дипломирал на Факултетот за дизајн и мултимедија при Универзитетот ФОН и магистрирал истиот факултет под менторство на проф. м-р Александар Рашковиќ.

Работи како дизајнер за сопствениот бренд „Papaz", а исто така работи како и костимограф на театарски и телевизиски проекти.

## 2. СТРУЧНО – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

***Изложби***

1. 2020 – „Posh brunch" Центар за Култура во Битола

***Модни ревии и презентации***

1. Колекција **„3" - "Papaz" 2019,** претставена на **„European fashion passport"**, Сараево, Босна и Херцеговина
2. Колекција "**Подем на гревот" - "Papaz"**, претставена на "**Моден Викенд Скопје"** (октомври 2017)
3. Колекција "**Враќање на антихеројот" - "Papaz"**, претставена на "**Моден Викенд Скопје"** (октомври 2016)
4. Претставување на авторска креација на групна ревија организирана од **„Пелистерка"** на **„Моден викенд Скопје"** (октомври 2010)
5. Претставување на авторски креации на групна ревија на настанот **„Аларм"** (јули 2010) во Скопје
6. Претставување на авторски креации на групна ревија на настанот **„Аларм"** (јуни 2010) во Охрид

## 1. СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

***Костимографија:***

***Театарски претстави:***

1. Костимографија за театарската претсва **"Тетовирани души"**, режија Љупчо Ѓоргиевски (октомври 2020)

2. Костимографија за детскиот мјузикл **“5+ Фамилија”,** ОХО продукција (декември 2019)

3. Костимографија за театарската претсва “**Август во Округот Осеју**”, режија Драгана Милошевски Попова (јули 2019)

4. Костимографија за театарската претсва “**Зимска прикаска** ”, режија Љупчо Ѓоргиевски (мај 2019)

5. Костимографија за театарската претсва “**Бегство**”, режија Јован Ристовски (февруари 2019)

6. Костимографија за театарската претсва “**Животинска фарма**”, режија Љупчо Ѓоргиевски (декември 2018)

7. Костимографија за театарската претсва “**Викенд на мртовци**”, режија Ѓорги Ризески (ноември 2018)

8. Костимографија за театарската претсва “**Стаклена менажерија**”, режија Софија Ристевска Петрушева (јуни 2018)

9. Костимографија за театарската претсва “**Пиреј**”, режија Љупчо Ѓоргиевски (април 2018)

10. Костимографија за театарската претсва “**Снежната кралица**”, режија Драгана Милошевска (ноември 2017)

11. Костимограф на претставата “**Тирамису**” режија Теа Беговска (јуни 2017)

12. Костимограф на претставата “**Интрига и љубов**” режија Љупчо Ѓоргиевски (јуни 2017)

13. Костимограф на претставата “**Лазаревото писмо**” режија Љупчо Ѓоргиевски (ноември 2016)

14. Костимограф на претставата “**Старицата од Калкута**” режија Софија Ристевска (март 2016)

15. Костимограф на претставата “**Кралски игри**” режија Љупчо Ѓоргиевски (март 2016)

16. Костимограф на детската претстава “**Волшебната санка**” режија Драгана

Милошевска (декември 2015) Костимограф на детската претстава "**5+ бенд**", режија Игор Иванов-Изи (МНТ декември 2015)

17. Костимограф на театарската претстава „**Хотел ни на небо ни на земја**" режија Љупчо Ѓоргиевски (март 2015)
18. Костимограф на театарската претстава „**Смртта на трговскиот патник**" режисер Љупчо Ѓоргиевски (октомври 2013)
19. Костимограф на театарската претстава „**Трансферату**" режисер Софија Ристевска (октомври 2013)
20. Костимограф на театарската претстава „**Варшавска мелодија**" режисер Јован Ристовски (јули 2013)
21. Костимограф на театарската претстава „**Жени без маж и ништо повеќе**"- „**Домот на Бернарда Алба**" режисер Софија Ристевска, (мај 2012)
22. Костимограф на театарската претстава "**Љубовта е демоде**" режисер Софија Ристевска (декември 2011)

***<u>Серии:</u>***

1. **Nikoqiret"** (шеста сезона) ОХО продукција (јули 2020), костимограф на детската серија
2. "**5+ Фамилија"** (шеста сезона) ОХО продукција (јули 2020)
3. костимограф на детската серија на албански јазик "**5+ Nikoqiret"**(петта сезона) ОХО продукција (мај-јуни 2019)
4. Костимограф на детската серија "**5+ Фамилија"** (петта сезона) ОХО продукција (мај-јуни 2019)
5. костимограф на детската серија на албански јазик "**5+ Nikoqiret"**(четврта сезона) режија Игор Иванов-Изи и Бесфорт Имани (јули 2017)
6. костимограф на детската серија "**5+ Фамилија"** (четврта сезона) режија Игор Иванов-Изи и Елеонора Венинова (јуни/јули 2017)
7. Костимограф на детската серија "**5+ Фамилија"** (трета сезона) режија Игор Иванов-Изи и Вардан Тозија (август/септември 2016)
8. Костимограф на детската серија на албански јазик "**5+ Nikoqiret"**(трета

сезона) режија Васил Христов и Бесфорт Имани (јуни 2016)

9. Костимограф на детската серија "**5+ Фамилија**" (втора сезона) режија Игор Иванов-Изи (август/септември 2015)

10. Костимограф на детската серија на албански јазик "**5+ Nikoqiret**"(втора сезона) режија Томче Ангелов (август/септември 2015)

11. Костимограф на детската серија на албански јазик „**5+ Nikoqiret**" (декември 2014)

12. Костимограф на детската серија „**5+ Фамилија**" режија Игор Иванов-Изи (ноември 2014)

***<u>Асистент костимограф:</u>***

1. Асистент на костимографот Александар Ношпал за балетската претстава "Либер танго" - МОБ (јуни 2018)
2. Асистент на костимографот Александар Ношпал за претставата "Жена ми се вика Борис" режија Синиша Ефтимов (декември 2017)
3. Асистент на костимографот Александар Ношпал за претставата "Атена со пенис" режија Синиша Ефтимов (мај 2017)
4. Асистент на костимографот Александар Ношпал за претставата "Венецијанскиот трговец" режија Наташа Поплавска (март 2017)
5. Асистент на костимографот Александар Ношпал за серијалот "TV Box" режија Златко Славенски (февруари 2017)
6. Асистент костимограф на костимографот Александар Ношпал на операта „Симоне Боканегра" (мај 2014)
7. асистент костимограф на костимографот Александар Ношпал на театарската претстава „Буре Барут" режија Наташа Поплавска (април 2014)

***<u>Авторски креации:</u>***

1. Дизајн на костим за Влатко Лозаноски за „Евровизија 2013" - Малме, Шведска

**1. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

**2018-2019 -** Демонстратор на Факултетот за дизајн и мултимедија при Универзитетот ФОН, Скопје

**РЕЦЕНЗИЈА**

М-р Андреј Ѓоргиевски е кандидат со забележително професионално уметничко, и дизајнерско искуство.

**Стручно-уметничките активности** на кандидатот бележат голем број на модни ревии и самостојни изложби. М-р Андреј Ѓоргиевски во својот авторски и творечки опус опфаќа разновидни и актуелни теми кои ги обработува преку своите уметнички и дизајнерски творби. Интересот за неговите модни колекции се забележува преку многубројното претставување на истите во домашни и меѓународни , културни центри и настани. Неговата прва официјална модна колекција привлече големо внимание, како од публиката и медиумите, така и од критичарите. Уште на почетокот на својата кариера ќе го оценат како дизајнер кој има длабока мисла, авангарден во својот ракопис со идејни решенија кои пред се имаат уметничка вредност. Се издвојува по реторичкото визуелизирање на своите креации, каде е воочлива неговата наклонетост кон исцрпни истражувања за темите кои ги обработува. Се работи за храбар дизајнер, посветен кон иновацијата, потпирајќи се на квалитетното стекнато образование, а и големо искуство во текот на изминатите години од кога ја започнува кариерата. Освен критичкиот пристап кон делата кои ги создава, јавноста го познава и како комерцијален дизајнер кој знае точно и внимателно да таргетира и сегментира. Освен што модата ја гледа како голем уметнички дострел, за него модата е и бизнис, значаен за економскиот развој. Таков пример за колекција од комерцијален карактер е последната колекција „3", која привлече големо внимание во Сараево, Босна и Херцеговина. Прецизен е во своите јавни претставувања, каде кампањите за маркетиншки цели се внимателно смислени и високо професионално реализирани. Тука се вбројуваат фотосесии и едиторијали, а и видео реклами каде се јавува и како креативен директор на истите. Неговото професионално делување во изминатите десет години вбројува соработки со голем број значајни уметнички и естрадни имиња. Една од тие соработки кулминира и со дизајнирање на костим за Влатко Лозаноски кој продефилира на фестивалот „Евровизија" во 2013 година, во Малме, Шведска. Ѓоргиевски, два пати е прогласен за моден дизајнер на годината, каде „Битолски весник" на гала настан му врачи награда во 2017 и 2018 година во Битола.

**Стручно-апликативната дејност** на м-р Андреј Ѓоргиевски вклучува голем број на реализирани авторски проекти од областа на костимографијата наменета за театар и телевизиски серии. Во овие значајни авторски решенија се согледува професионалниот пристап на Ѓоргиевски, креативноста и зрелоста со кои одговара на творечките предизвици. Неговиот опус брои голем број на претстави низ театарските куќи во нашата држава, а и соработки со реномирани режисери. Се извојуваат неколку претстави и значајни литературни дела, за кои Ѓоргиевски има сработено костимографија. Така во 2016 претставата „Кралски

игри“ во продукција на Народен театар Битола, е наградена со признание за најдобро уметничко остварување во целост на фестивалот Војдан Чернодрински во Прилеп. Како успешни и обемни костимографски реализации се издвојуваат и „Лазаревото писмо“ во Народен театар Штип, „Пиреј“ во Народен театар Прилеп, „Тетовирани души“ во продукција на Народен театар Струмица. Честопати се јавува и како асистент костимограф на театарски, оперски и балетски проекти, на костимографот Александар Ношпал.

**Наставно-образовната дејност** на кандидатот м-р Андреј Ѓоргиевски започнува во 2018 година. По иницијатива и предлог на проф. М-р Александар Рашковиќ, Ѓоргиевски станува демонстратор на Факултетот за дизајн и мултимедија при Универзитетот „ФОН”, Скопје. Овој ангажман за него е од големо значење пред се заради неговите тенденции кон образовната дејност. Се покажува како одличен професионалец кон исполнување на професионалните обврски.

***КОНСТАТАЦИЈА***

*Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирал кандидат со значајна биографија во која се потврдуваат следните констатации:*

- *кандидатот Андреј Ѓоргиевски има завршено соодветно високо образование од втор степен академски студии;*
- *кандидатот Андреј Ѓоргиевски приложи професионално портфолио со признати уметнички и стручни дела од областа на костимографијата и модниот дизајн;*
- *Кандидатот има единаесет годишно искуствовоа високо-образовна институција како демонстатор при Прв Приватен Универзитет – ФОН – Факултет за дизајн и мултимедија.*

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

На распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Нова Македонија" од **16.11.2020** година конкурс за избор на наставник во сите насловни наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети од областа **Друго (Моден дизајн) - 60712** (Фраскатиева класификација) се пријави кандидатот **м-р Андреј Ѓоргиевски.**

*Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи ја неговата досегашна наобразба од стручно-уметничка, стручно-апликативна и наставно-образовна дејност, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при Американски универзитет на Европа - ФОН да го избере* ***кандидатот м-р Андреј Ѓоргиевски во насловно наставно-научно звање доцент по стручно-уметнички предмети од областа Друго (Моден дизајн) -*** *60712), согласно член 167 од Законот за високото образование.*

Скопје, ноември 2020

Вон. проф. м-р Александар Рашковиќ, с.р. претседател

________________________________

Доц. м-р Александра Јовановска, с.р. член

________________________________

Вон. проф. м-р Елена Вангелоска, с.р. член

________________________________

**РЕЦЕНЗИЈА**

на ракописот **"Казнено право "** од авторот
проф. д-р Митасин Беќири

Со одлука на седница на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност одржана на 20.05.2020 година на Првиот приватен ФОН -Универзитет Скопје избрани сме за рецензенти на ракописот понуден како учебник со наслов „Казнено право- општ дел" (на албански јазик) од авторот проф. д-р Митасин Беќири.

Темелно го проучивме понудениот ракопис под погоренаведениот наслов и во врска со ова го поднесуваме следниов

**И з в е ш т а ј**

**I Опис**

Ракописот сесостои од густо отчукан текст распослан на вкупно 337 страници (325 страници текст и предлози (просечно по 38 реда на страница во Times New Roman, фонт 14 со 1,15 проред) + 4 страни попис на библиографски единици (од домашни и странски автори, и неколку правни и интернет извори).

Структурата на текстот ја сочинуваат вкупно 5 дела и 29 глави наведени според следниов редослед, и прилог кон текстот.

Прв дел

- Казненото право и науката на казненото право
- Односите на казненото право со другите предмети на правото и нејзината распределба
- Општ осврт на науката на казненото право
- Развитокот на казненото право
- Извори на каненото право
- Кратен осврт на историскиот развиток на казненото право во република Северна Македонија
- Законското толкување
- Дејствување на казнената легислатива
- Казненото дело и елемнитите на казненото дело
- Објектот и субјектот на казненото дело
- Поделба на казненото дело
- Кривчно-правниот поим на дејствието
- Противправност
- Причините за исклучување на противправноста
- Кривичната одговорност
- Вина
- Соучеснишство
- Кривичните санкции
- Одмерување на казна
- Безбедносните мерки
- Систем на казнени санкции
- Конфискација на имот стекнат со вршење на кривично дело

- Рехабилитација и откривање на податоци од евиденцијата на осудените
- Поништување на казната
- Амнестија и помилување
- Основите и и движењето на одговорноста на правните лица
- Казните и другите санкции против правните лица
- Кривично-правниот осврт на малотеничката деликвенција
- Малолетничко казнено право
- Извршувањето на прекршоците спрема малолетниците

Во првиот дел се опфаќаат четири глави. Во првата глава се дефинира поимот на казненото право како наука. Исто така се посветува внимание и на основните задачи и на предметот на казненото право. Во продолжение на оваа глава дадени се основите врз кои се потпира казненото право. Во ова глава дадена и дефиниција и улогата на заштитната функција на казненото право како дел од казнената наука што таа го има во општеството.

Наредната глава е посветена на односите на казненото право со сродните на правната наука. Во ова глава се објаснува односите на казненото право со следните правни науки: уставното право, со Казненото процесно право, со граѓанското право, со управното право како и односите на казненото право со другите сродни предмети. Во ова глава дадена е распределбата на казненото право и тоа: казненото право со казненото право на извршување, општшото казнено право и казненото право –поесбен дел, редовното казнено право и вонредното казнено право, националноте каанено право и меѓународното казнено право. Понатаму посебен посебно внимание им се посветува на меѓународниот кривичен суд и на компаративното казнено право.

Во третата глава претставен е општиот осврт на казненото право и другите нказнени науки. Оваа глава почнува со задачите на казненото право, системот на казнената наука. Понатаму во оваа глава се опфатени односите на казненото право со казненото процесна та наука, криминолигијата, криминалната политика, пенологијата, криминалистиката, судската медицина или форензиката, судсктата психиатриа и судската психологјиа.

Во четвртата глава се раскажува за развитокот на казненото право, општите карактеристики за развитокот на казненото право, развитокот во првото општествената заедница, некои карактеристики на развитокот на казнено право во во државите на робовласништвото, развитокот на казненото право во феудализмот, казнено – правните идеи на филозофите и илуминистите во XVII и XVIII век, општите согледувања идеите на Цезаре Ломброзо и неговото влијание во казнената легислатива на XVIII век. Развитокот на казненото право во капитализмот. Школите во казненото право и тоа: класичната школа, антрополошката школа, позитивна школа, социолошката школа, неокласичната школа, современата заштита на општеството.

Во вториот дел од содржината е опфатено во четири глави. Кривичниот Законик и казнената легислатива.Во првата глава се претставени иворите на казненото право, материалните извори, Уставот на Република Северна Македонија, меѓународните конвенции како извор на меѓународното казнено право, другите извори на казненото право. Другите закони, општите акти како и потзаконските прописи ( решенијата, наредбите, правилниците идр.) традиционалното право како и судската пракса, науката на казненото право.

Во втората глава е опфатено краток осврт на развитокот на казненото право во Република Северна Македонија. Казненото право во Македонија од поделбата во 1912-1913 година до формирањето на современата држава, развитокот на југословенското казненото право. Развитокот на современото казнено право. Кривичниот законик од

1996 година. Новелата од кривичниот законик од 1999 -2002 година, втората фаза на казнената реформа новелата од 2004 година.

Во третата глава е опфатено толкувањето на казнената легислатива, поимот и значењето на толкувањето во казненото право, врстите на толкувањето, методите на толкување, толкувањето според големината, супсумција и примената на кривичниот закон и аналогијата.

Во четвртата глава претсатвено дејствувањето на казнената легислатива, општите согледувања, временското важење на кривичниот законик, поимот и главните правила на времеското важење. Забраната на ретроактивното важење на законот, примена по мекиот закон (по доцнетиот и обрзувачкиот). Примена на просторно важење на казненото законодавство. Поимот за просторно важење на казненото законодавство во простор и основните правила. Дејстување на казненото законодавство според реалниот (заштитен) принцип, активен персонален (национален) принцип, пасивен персонален (национален) принцип, Универзален принцип. Принцип на застапничка (претставничка) јурисдикција и исклучоците на репресивната власт и просторното важење.

Во третиот дел е опфатено казнените дела и казнената одговорност во девет глави.

Во првата глава е пфатено казненото дело, поимот на казненото дело, теоретскиот поим (материјален-формален), поимот (облективно-субјективниот) осврт. Објективните елементи на казненото дело, Општите елементи на казненото дело каки фигурата на казненото дело.

Во втората глава е разработено објектот и субјектот на казненото дело, поимот на објектот и субјектот на казненото дело, врстите на објектите и објектот на дејствување, врстите на субјектот и субјект на дејствување. Односот на казненото дело со прекршоците, поделба на казненото дело, поимот на прекршоците и разликата со казненото дело. Правното лице како субјект на казненото дело.

Во третата глава опфатено поделба на казнените дела, општиот осврт на казнените дела, општите казнени дела и политички казнени дела, формални казнени дела, материјални казнени дела, моментални казнени дела, перманентни казнени дела. Поделба на казнени дела на криминални дела, стопански деликти и прекршоци

Во четвртата глава е разработено кривичо-правниот поим на дејствувањето, сторените казнени дела со дејствие, казнени дела сторени со несторување. Причината, поимот и тежината на (причината) во казненото право. Теориите в.в. со причината, (теориата на еднакви услови, теориа на разликите, и теориа на адекватна причина) Каузалноста (причините) кај казнените дела со несторување. Местото и времето на сторење на казненото дело.

Во петтата глава пишувам за противправноста, поимот на противправноста, општествената опасност на казненото дело, степенот на опасноста, општата и посебна опасност. Односите на противправноста и опасноста, односите на противправноста одреденоста на казненото дело, противправноста како елемент на фигурата на казнените дела.

Во шестата глава се опфатени причините отргнување на противправноста, причините според кривичиот законик, нужна одбрана, напад, одбрана, нужната одбрана, опасноста, присилбата и заканата, поимот и врстите на присилба, ефектите на компулсивна присилба и закана. Казнените дела од мала вредност и нардебите од горе.

Во седмата глава е опфатено кривичната одговорност, поимот на кривичната одговорност, кривичната одговорност ка ко субјективен елемент на кривичната одговорност, елемнтите на кривичната одговорност. Одговорноста, елементите на кривичната одговорност. Неодговорноста, поимот и елементите на неодговорноста.

Напад, одбрана, пречекпрување на нужната одбрана, крајна нужда, опасноста, тргнување на опасноста, пречекорување на нужната одбрана, задолженоста и експонирање на опасноста. Присилба и закана, поимот и видовите на присилбата, заканата ефектите комплузивна присилба и заканата. Поттикнување и помагање. Дело од мало значење. Наредбите од горе.

Во седмата глава казнената одговорност, поимот на казнената одговорност, казнената одговорност како субјективен елемент на казненото дело, елементите на казненото дело. Пресметливоста, поимот и елементите на пресметливоста, есенцијално намалена пресметливост. Според Кривичниот Законик на Р.С.Македонија сторителот на казненото дело може да биде непресметлив. ACTIONES LIBERAE CAUSA.

Во осмата глава е опфатено Вина, поимот и значајот на вината, теориите на вината, умисла, директна умисла (dolus direktus), евентуална умисла (dolus eventualis), намерата и мотивот како субјективни карактеристики на казненото дело, посебните врсти на умислата. Небрежноста (culpa), поимот на небрежноста, свесна небрежност, разликата помеѓу несвесната небрежност од случајот, професионална небрежност, одговорноста за казнените дела сторени од небрежноста.

Во деветата глава е опфатено поимот на учество на повеќе лица во извршувањето на казнено дело, соучесништво, поимот на соучесништвото поим и видови, соизвршителство, формите на соучесништвото, нужно соизвршителство, индиректниот сторител, одговорноста и казнувањето на соизвршителот. Соучесништвото и поимот на во потесна смислаа, правната природа на соучесништвото, неколку посебни случаји на соучесништвото. Поттикнување. Помагање. Криминален стек.

Во четвртиот дел се опфатени казнените санкции и тоа во првата глава поимот и функцијата на санкциите, основните карактеристике на казнени санкции, основните карактеристики на современиот систем на казнените санкции, видови на казнени санкции. Казна, елементите и карактеристиките на казната, основните карактеристики на казната, целта на казната, основните карактеристики на Македонскиот казнен систем. Видовите на главните и секондарните казни. Смртна казна, дополнителни казнувања, Доживотен затвор, казна затвор, условен отпуст, поимот на условниот отпуст, условите за изрекување на условниот отпуст, отповикување на условниот отпуст, парична казна. Забрана на вршење на професија, дејност или должност, Забрана на управување на моторно возило, протерување на странец од земјата, забрана на посета на спортсли случувања. Условна осуда, условна осуда со наредба пот задолжтелен надзор, условна осуда со заштитен надзор од спроводна служба. Видовите на одредени задолжениа на условната осуда. Општо корисна работа, отповикување на условната осуда. Условна осуда со заштитен надзор. Условно прекинување на казнената постапка. Општокорисна работа, Судска опомена. Куќен затвор.

Во втората глава е опфатено одмерување на казна, општо согледување на одмерувањето на казната, судско одмерување на казната- индивидуализација на казната. Алтернативни мерки, системот и целите на алтернативните мерки во кривичниот Законик на Р.С.Македонија.

Во третата глава се пишува за безбедносните мерки, задолжителниот третман, општите начела, безбедносните мерки според Кривичниот Законик на Р.С. Македонија.Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. Задолжително психијатриско лекување во слобода. Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани. Медицинско-фармаколошко лекување. Казнување на правни лица.

Во четвртата глава е пишувано за системот на казнените санкции, општиот осврт на санкциите, криминално-политичкиот значај на извршување на казнените санкции. Основните начела. Начело на законитост. Начело на хуманост. Начело на ресоцијализација и риедукација. Начело на индивидуализација. Извршување на затворската казна. Системот на извршување на затворската казна. Ќелискиот систем или системот на самотијата, систем на молкот –аубурниот систем, прогресивниот систем, ирскиот систем. Системот на извршување на казната по втората светска војна. Правата и обврските на осудените лица.

Во петтата глава е опфатено конфискација на имот и имотна корист, основите на конфискацијата, условите и начинот на конфискацијата на имотната корист, заштита на оштетениот, одземање на предмети. Правните последици на казната. Постпеналните мерки. Рехабилитација и откривање на податоците од казнената евиденција. Поимот на рехабилитација. Правната положба на осудените лица по издржување на казната. Законска рехабилитација. Судска рехабилитација. Бришење на казнат и другите податоци од казнената евиденција.

Во шестата глава е посветено на Застареноста на делото, видовите на застареноста, застареноста на казненото гонење,мирувањен на застареноста, и прекинот на застареноста. Абсолутна застареност. Застареноста на извршување на санкциите, незастареноста на казненото гонење.

Во седмата глава е опфатено амнестијата и помилувањето.

Во осмата глава е опфатено основите и границите на одговорноста правните лица. Правните лица како активни субјекти во казненото дело. Правната природа и условите на казнената одговорност. Крајните критериуми на одговорноста на правните лица.

Во деветата глава се зборува казните и другите санкции против правните лица. Системот на санкциите за правните лица.. Паричната казна. Споредните казни. Конискација на имот и добитната корист како и одземање на нештата.

Во петиот дел од книгата е опфатено казнено-правниот осврт на малолетничката деликвенција.

Во првата глава се опфатени основните карактеристики на малолетничкотто казнено право. Проблемите со кои се соочува малолетничката деликвенција. Поимот на малолетничката деликвенција, основните карактеристики.

Втората глава му е посветена на малолетничкото казнено право, основниоте карактеристики, категориите на малолетниците и видовите на санкциите. Извршување на казната затвор за малолетниците. Видови на мерки кои може да им се изркне на малолетниците. Воспитните мерки, воспитни мерки, упатување во дициплински центар. Мерки на засилен надзор. Засилен надзор од страна на родител, посвоениот родител или стратeл. Засилен надзор во друго семејство, Засилен надзор од социалниот орган. Воспитни- институционалните мерки. Упатување на малолетникот во воспитен дом. Упатување во воспитно- поправен дом. Прекин на извршувањето, измените и повторно донесување на одлука. Евиденцијата и целите на воспитните мерки. Казнување на повозрасните малолетници. Затвор за малолетници. Безбедносните и алтернативните мерки. Условно прекинување на казнената постапка: Општокорисна работа. Примена на безбедносните мерки. Казнено-правниот третман на помлади малолетници.

Во третата глава е образложено извршувањето на прекршочните санкции спрема малолетниците, изрекувањето на прекршочните санкциии, воспитните мерки, паричната казна. Изрекување на воспитните мерки на полнолетните сторители за прекршоци кои ги сториле како малолетници. Изрекување на прекршочните санкции во стек. Прекршочната постапка.

**II Констатации**

Врз основа на погоре изнесениот опис на ракописот кој ни беше доставен констатиравме дека овој ракопис ги задоволува сите стандарди за труд од ваков тип.

**III Заклучок**

Погоре наведените констатации упатуваат на заклучокот дека анализираниот ракопис (понуден како учебник под наслов „Казнено право - општ дел") од авторот проф. д-р Митасин Беќири ги задоволува стандардите на учебник од оваа научна област.

Скопје, 15. јули 2020 г.

Рецензенти

**проф. д-р Арта Билали Зендели, с.р.**

__________________________

**проф. д-р Насер Етеми, с.р.**

__________________________